Граѓанското учество почнува со информираност, продолжува со дијалог и добива смисла кога граѓаните ги препознаваат проблемите, предлагаат решенија и бараат одговорност од институциите. Во октомври, граѓанските организации го поттикнуваа ваквото учество преку средби со локалните власти, едукативни активности, јавни форуми, креативни иницијативи и застапување за подобри политики.

На фестивалот „Ден на граѓанските организации“ , Промо Идеа и Новус ја претставија мрежата за финансиска писменост на младите . Мрежата, која започна да се развива во Југоисточниот регион, има цел да се прошири и на национално ниво. Членството е бесплатно и доброволно, а на младите им овозможува пристап до информации за настани, обуки и едукативни материјали.



Со креативна иницијатива, Македонското здружение на млади правници ги поттикна посетителите да размислат за секојдневните проблеми во Скопје. Преку изложба на пет разгледници беа претставени податоци за безбедноста на жените, јавниот превоз во Шуто Оризари,

родовата застапеност во јавниот простор, рециклирањето отпад и пристапноста на избирачките места за лицата со попреченост. Посетителите имаа можност да напишат **пораки до надлежните институции, кои организаторите ќе им ги достават**. Активноста е дел од проектот „Менторство во правосудството и младински ангажман за родова еднаквост“.



Македонското здружение на млади правници започна со менторирање на идни ментори во Академијата за судии и јавни обвинители. Програмата треба да придонесе за воспоставување родово сензитивен менторски пристап во правосудството, преку тематски сесии, анализа на реални и симулирани случаи и размена на искуства. Воедно, по повод 35-годишнината од Уставот, здружението организираше **серија разговори по повод „Деновите на Уставот“.** Младите правници разговараа со претседателката на РСМ, проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, која во 1991 година била надворешен член на Уставната комисија, и со професорот Љубомир Фрчкоски, еден од авторите на Уставот. Во фокусот беа уставните гаранции, еднаквоста, човековите права во дигиталното време и уставното образование.



На фестивалот учествуваше и здружението „Секогаш Соживот“, чиишто **учеснички од обуката за шминкање ги претставија стекнатите практични вештини**
. Тие организираа и
средби со жени и локални чинители во Ресен
и
Кривогаштани,
на кои се разговараше за поголемо економско и општествено учество на жените. На средбата во Кривогаштани, одржана на 29 октомври, со градоначалникот Игор Каравиловски, општински претставници и жените од општината беа отворени прашања поврзани со вработувањето и самовработувањето, финансиската поддршка, грантовите, ИПАРД-програмата и предизвиците со кои се соочуваат жените во руралните средини. Активностите се спроведуваат како дел проектот „Гласот и учеството на жените и младите во: Креирање јавни политики и овозможувачка средина за граѓанско учество“, кој го спроведуваат Женската граѓанска иницијатива Антико, „Секогаш Соживот“ и ЗОК Адрион.


ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Локална самоуправа
MUNICIPALITY OF KRIVOGAŠTANI
Local government
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
ЗДРУЖЕНИЕ СЕКОГАШ СОЖИВОТ
CIVICA


CIVICA


TRIBUNË E HAPUR
NË STRUGË


REC
florozon
„Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“
ymca


RESIS